Врз основа на член 58 став (1) точка (3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20, 92/20, 100/20, 105/20 и 107/20 ), по точката 7. се дадова нова точка 8., која гласи:

„ 8. За периодот од 1 мај 2020 година (петок), заклучно со 4 мај 2020 година (понеделник) до 5.00 часот наутро:

- Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

- Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, во временски период од 11.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

- Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, во временски период од 14.00 часот до 12.00 часот наредниот ден.

- Се забранува движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14.00 часот до 5.00 часот наредниот ден. “

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр.44-2416/10**
**28 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**